616 /15.5.26

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 616/2 | | |


До
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Ајтен Хајдари-Ќамили за наставниот предмет по Албански јазик и литература за II (втора) година во гимназиско образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 27.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Албански јазик и книжевност за II (втора) година во средно образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 11.5.2026 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ
## за наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година во гимназиско образование

На Конкурсот за учебници во средното образование за наставниот предмет по Албански јазик и литература за II (втора) година во гимназиско образование се пријавиле три ракописи.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) доставил стручно мислење за 3 ракописи, бр. 09-735/3 од 24.3.2026 година, потпишани од Ајше Селмани, раководител на одделение во БРО, координатор и д-р Масар Авдију, советник во БРО. Тие напишале детални стручни аргументирани мислења за ракописите со шифри бр. 021, 022 и 023.

Мислењата се елаборирани детално за сите три ракописи. Тие даваат јасна слика на приложениот материјал. Според комисијата од БРО, ракописот со **шифра 021 не ги задоволува** критериумите за учебник, односно не ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет. За овој ракопис според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/2025 постапката се прекинува. Мислењата за ракописите со **шифра 022 и 023 БРО има позитивно мислење**, со неколку забелешки за двата ракописа и со заклучок дека двата ракописа ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Агим Полоска, Филолошки факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член, Проф. д-р Мустафа Ибрахими, Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје, член, и Бесим Љимани, СУГС „Зеф Љуш Марку" – Скопје, член, дава стручно сумарни мислења бр. 26-598/10, и 26-598/5 од 8.5.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, се задржале на анализа на ракописите 022 и 023.

Рецензентската комисија за ракописот со шифра бр. **023** мислењето **НЕ Е ПОЗИТИВНО** и за овој ракопис според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/2025 постапката се прекинува. Образложението на одлуката на

За ракописот за учебник со **шифра бр. 022** Рецензентската комисија се изјаснила со позитивни мислења и го оценила ракописот со оцена 3. Меѓутоа, тие имаат неколку забелешки на ракописот.

**Рецензентската комисија едногласно го предлага ракописот со бр. 022 за учебник по предметот Албански јазик и литература за II (втора) година во гимназиско образование, по корекција на забелешките.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно од напред изнесеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по **Албански јазик и литература за II (втора) година во гимназиско образование** им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА, РАКОПИСИТЕ СО ШИФРИ БР. 021 и 023 ДА НЕ ГИ ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИЦИ, А РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 022 ДА ГО ВРАТИ НА ДОРАБОТКА И ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК ОТКАКО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ КОРЕКЦИЈА НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА КОМИСИЈАТА НА БРО, НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА И НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ КОИ СЕ ВО ПРИЛОГ.**

Скопје, 15.5.2026 година

Известител,
Проф. д-р Ајтен Хајдари-Ќамили